## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПУЛМОЛОГИЈА И ФТИЗИОЛОГИЈА” ОД АВТОРКИТЕ НАСЛ. ДОЦ. Д-Р ЉИЉАНА СИМОНОВСКА И Д-Р САЊА БАЛЏИЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-77/6 од 136. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 17.3.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Милка Здравковска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- доц. д-р Марија Вавлукис, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Пулмологија и фтизиологија**” **од насл. доц. д-р Љиљана Симоновска и д-р Сања Балџиева,** наменет за студентите на медицина, прв циклус студии, студиска програма Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Наслов на практикумот: „ПУЛМОЛГИЈА И ФТИЗИОЛОГИЈА“.

Наслов на предметот: Интерна медицина, со неделен фонд на часови 6+3 за студиска програма во 7 и 8 семестар.

Име и презиме на авторите на трудот: насл. доц. д-р Љиљана Симоновска и д-р Сања Балџиева.

**Податоци за обемот ракописот**

Скриптата содржи 64 страници на А4 формат со прилози (51 слика и 3 табели) и ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Кај нас досега не се објавени учебници, учебни помагала и практикуми од оваа област кои на студентите по медицина би им овозможиле на еден пристапен начин, поткрепен со научни факти, да се запознаат со основите на оваа научна дисциплина. Поради својата содржина, стилот на кој е напишан и илустриран, практикумот ќе биде материјал кој може да биде од интерес и на другите здравствени професионалци кои доаѓаат во контакт со обработената проблематика.

Практикумот според својата содржина, начинот на обработка и оригиналниот начин на разработка на тематските единици претставува учебно помагало кое ќе овозможи голема ефикасност во воведувањето на студентите во областа на пулмологијата и фтизиологијата.

Овој практикум ќе послужи како вредна алатка за стекнување основни знаења од областа на пулмологијата и фтизиологијата како дисциплина во интерната медицина.

**Краток опис на содржината**

Практикумот обработува содржини значајни за пулмологијата и фтизиологијата и е поделена на седум тематски единици кои одговараат на составените цели:

1. **Пристап кон пациент со болест на респираторниот систем -** дел во кој е опишано значењето на правилниот пристапот кон пациентот со болест на респираторниот систем, со цел на адекватна дијагноза и диференцијална дијагноза на заболувањата на респираторниот систем.
2. **Анамнеза –** Во овој е презентирано значењето на анамнезата во дијагнозата на заболувањата на респираторниот систем. Објаснети се сите сегменти на анамнезата, почнувајќи од главните тегоби, сегашната болест, животната анамнеза, минатите заболувања, социјалната анамнеза, факторите на ризик, професионалната анамнеза, како и фамилијарната анамнеза. Во овој дел поопширно се презентирани најчестите симптоми кај респираторните заболувања, нивната експресија и нивниот патогенетски механизам.
3. **Физикален преглед –** опишани се сите методи на преглед, почнувајќи од општиот преглед, прегледот на главата и вратот. Детално се презентирани сите методи на физикален преглед на градниот кош (инспекција, палпација, перкусија и аускултација). Објаснети се поподробно начинот на нивното изведување, најчестите патолошки отстапувања и интерпретација на нивните механизми.
4. **Лабораториски испитувања -** дел во кој се наведени биохемиските и микробиолошките лабораториски испитувања во дијагнозата на респираторните заболувања. Посебен осврт е даден на микробиолошките испитувања, направени од спутумот и посебните техники на боење, како што е методата на Ziehl Neelsen и флуорохромно боење во дијагнозата на причинителот на туберкулозата. Во овој сегмент од практикумот се наведени и методите за културелно испитување на спутумот и крвта (хемокултура и течните и цврсти култури за изолација на причинителот на туберкулозата).
5. **Испитување на белодробната функција –** во овој дел детално е обработена белодробната функција со основните подфункции (вентилација, дистрибуција, дифузија и перфузија). Обработени се нивните механизми и нивната улога во комплексниот процес на размена на респираторните гасови. Презентирани се и сите методи за нивна евалуација, како на пример, малата и големата спирометрија, бронхопровокативните тестови (бронходилататорен и бронхоконстрикторен). Опишана е методата за испитување на дифузијата низа алвеоло-капиларната мембрана, како и методите за евалуација на белодробната перфузија. Посебен акцент е даден на испитувањето на гасовите во артериската крв со помош на инвазивни и неинвазивни методи (пулсната оксиметрија).
6. **Имиџинг дијагностички процедури -** во овој дел се објаснети сите имиџинг техники кои се применуваат во дијагнозата на респираторните заболувања, како на пример, нативната рентгенграфија во два правци, компјутеризираната томографија, магнетната резонанца, ултрасонографското испитување. Посебен акцент е ставен на ултрасонографското испитување, како неинвазивна метода во проценка на структурата на органите, особено во детекција на мали плеврални изливи кои се недетектабилни со помош на рентгенграфијата на белите дробови.
7. **Инвазивни дијагностички постапки -** во овој дел детално се опишани сите инвазивни постапки. Објаснети се начините на изведување, нивните индикации, контраиндикации и компликации. Посебно место во дијагнозата на малигните белодробни заболувања има бронхоскопијата, особено кај централните белодробни малигноми. Во овој дел се опишани и сите манипулации кои ја следат бронхоскопијата, како на пример, бронхобиопсија, брашинг, трансбронхијална пункција на хиларни лимфни жлезди, трансбронхијална белодробна биопсија и катетер аспирацијата.

## З А К Л У Ч О К

Како нов труд од ваков вид на Универзитетот и во државата, заснован на факти изведени од научни истражувања, се очекува овој ракопис да предизвика интерес кај сите што се занимаваат со оваа проблематика и да помогне во развивањето на рационален пристап на решавање на предизвиците на сите оние кои се образоваат и работат во областа на медицината, чијашто активност е поврзана со пулмологијата и фтизиолгијата.

Ракописот **„ПУЛМОЛОГИЈА И ФТИЗИОЛОГИЈА“** од насл. доц. д-р Љиљана Симоновска и д-р Сања Балџиева е материјал кој ќе биде од основна важност за студентите на медицина, како учебно помагало за совладување на предметната содржина.

Поради ова, со големо задоволство препорачуваме ракописот да биде објавен како учебно помагало-практикум.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Милка Здравковска, с.р.**
**Доц. д-р Марија Вавлукис, с.р.**